РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

01.30.00.КУ.005.02

# КОРИСНИЧКО УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА УСНА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ И ПОВТОРЕН ИЗВОЗ НА ТРАНСПОРТНИ СРЕДСТВА

ОКТОМВРИ 2023

# Историја на документ

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1 | 26.07.2022 | Прво издание | / | / |
| 2 | 18 -10- 2023 | Второ издание | Изменето<br>Дополнето<br>Нова<br>Сменета нумерација | Т. 19 и 26<br>Т. 5, 9, 11 и 17<br>Т. 8 и 27<br>Од Т. 9 до 26 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## I. Општи одредби

1. Со оваа корисничко упатство се регулира начинот на пополнување на рубриките во усната декларација во СОЦДАД за привремен увоз и повторен извоз на транспортни средства.

## II. Употребени поими

2. Дефинициите, кратенките и термините кои се употребуваат во ова корисничко упатство се следните:

| | |
|---|---|
| Привремен увоз | Царинска постапка регулирана со Конвенцијата за привремен увоз (Истанбулска Конвенција), Царинскиот закон членови 150-157 и Уредбата за спроведување на царинскиот закон членови 367-374 |
| Транспортни средства | секој брод, аероглисери, летала, патни моторни возила (вклучувајќи моторцикли, приколки, полуприколки и комбинација на возила) и возила кои се движат по шини; заедно со нивните нормални резервни делови, прибор и вообичаена опрема која се наоѓа на транспортното средство (вклучувајќи специјална опрема за натовар, истовар, ракување и заштита на товарот) |
| Повторен извоз | Царински дозволено постапување или употреба на стока |
| СОЦДАД | Информациски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи |
| Модул | Дел од софтверот кој се состои од екрани, извештаи и команди кои покриваат логичка целина на заеднички содржини и на која и пристапуваат корисници со посебни права на користење |
| ЦЗ | Царински закон |
| УСЦЗ | Уредба за спроведување на царински закон |
| Усна декларација | Царинска декларација со која лицето искажува волја за ставање на стока во одредена царинска постапка согласно член 71 точка в) од ЦЗ за стока од член 136 од УСЦЗ |

## III. Привремен увоз

3. Во системот за увоз во СОЦДАД се одбира Усна декларација за увоз, Регистрирање на усна декларација за увоз.

4. Во општиот дел од декларацијата се пополнуваат рубриките на начин опишан во сликата подолу (Слика 1).




Слика 1

**Напомена**: во рубриката краен датум на постапка се пополнува датумот на завршување на привремениот увоз односно крајниот рок на одобрениот привремен увоз.

5. Во делот детали за трговец, овластен примач, се пополнуваат рубриките на начин опишан во сликата подолу (Слика 2).

   Кога станува збор за лице со живеалиште надвор од царинското подрачје и има единствен матичен број од Република Северна Македонија, во рубриката EORI/TIN број се запишува податокот за единствениот матичен број на граѓанинот.

Кога станува збор за лице со живеалиште надвор од царинското подрачје и нема единствен матичен број од Република Северна Македонија, запишувањето на податокот за EORI/TIN број е со следната конструкција: МК (латинично писмо) првите четири цифри од денот и месецот на раѓање и годината на раѓање и последните пет цифри во форма 499009.

Пример: датум на раѓање 16.01.1973, како матичен број се пополнуваат следниве податоци МК1601973499009.

Рубриката адреса, град и земја се пополнува со податоци за живеалиштето на лицето за кое се изготвува усна декларација, согласно приложените документи за живеалиште.

Во делот дополнителни трговци, рубриката адреса и град се пополнува со адреса на привремен престој на лицето во царинското подрачје, доколку во моментот на изготвувањето на усната декларација на лицето му е позната или во случај на лице со единствен матичен број од Република Северна Македонија согласно приложените документи.




Слика 2

6. На зададениот плус се отвара полето за наименување (Слика 3).




Слика 3

7. Во делот на наименување на стоката се пополнуваат рубриките дадени подолу (Слика 4). Во рубриката опис на стоката се пополнуваат следните податоци:
   - прв податок е бројот на шасија на транспортното средство само со броеви и големи букви на латиница,
   - следен податок е името на возилото (марка и модел) само со броеви и големи букви на латиница,
   - потоа следат сите останати податоци за возилото (година на производство, зафатнина на мотор во ccm3, јачина на мотор во kw, боја, број на врати, носивост) и сѐ друго со што се овозможува целосна идентификација на стоката и
   - број на регистарски таблички со големи букви, споено, латинично.

8. Рубриката тарифна ознака се пополнува со тарифната ознака на транспортното средство предмет на привремениот увоз.

9. Во рубриката барана постапка се запишува шифрата 53 и претходна постапка со шифрата 00 (Слика 4).

10. Во рубриката изготвени документи се пополнува шифрата на документот, односно 5072 и во референца на документ, бројот на сообраќајна дозвола која се скенира и е прилог кон усната декларација кон примерокот кој останува за царинскиот орган (Слика 4).




Слика 4

11. Рубриката колети се пополнува како што е дадено на слика 5.




Слика 5

12. По изготвувањето на декларацијата, кога статусот е увезено, усната декларација (Прилог 1) се печати во два примерока и се потпишуваат од страна на царинскиот службеник (потпис, печат и факсимил) и од страна на лицето на кое му е одобрен привремениот увоз. Едниот примерок му се дава на имателот на одобрение за привремен увоз, а вториот се задржува во царинската испостава заедно со примерок од сообраќајната дозвола.

## IV. Повторен извоз

13. При излез од царинското подрачје на Република Северна Македонија, имателот на одобрение за привремен увоз е должен да го приложи принтот од усната декларација на царинскиот орган на излез. Во случај на алтернативно докажување при извоз, можат да се искористат податоците со кои се идентификува возилото и увозникот.

14. Царинскиот орган на извоз, согласно приложените податоци од усната декларација за привремен увоз, изготвува усна декларација за повторен извоз само во случај кога имателот на одобрение за привремен увоз изјавувува дека ја завршува одобрената постапка. Во извозниот систем во СОЦДАД, се одбира Извозна царинска испостава, Регистрирај извозна усна декларација Слики 6, 7 и 8.




Слика 6




Слика 7

15. Во рубриката Побарана постапка се пополнува шифрата 31, а во рубриката претходна постапка се пополнува шифрата 53. (Слика 8)




Слика 8

16. Во делот Документи, рубриката претходни документи, подрубриката Вид се пополнува шифрата IMN, во подрубриката Референтен се популнува целиот РБД број на усната декларација за привремен увоз и во подрубриката Категорија се пополнува шифрата Z. Рубриките Документи и Колети се пополнуваат со податоците од истите рубрики од усната увозна декларација за привремен увоз (Слика 9).




Слика 9

17. Доколку постапката за привремен увоз завршува со пуштање на стока во слободен промет царинската испостава каде е спроведена ова постапка, ја известува влезната испостава која ја финализира усната декларација за привремен увоз со избирање на опцијата „финализирај" од табот „дејствија".

    Шефот на царинската испостава во која привремено увезената стока е пуштена во слободен промет, го известува со електронска пошта шефот на царинската испостава во која е започнат привремениот увоз, со доставување на print screen од декларацијата за пуштање во слободен промет.

## V. Следење на рокот на привремен увоз

18. Шефот на надлежната испостава со цел следење на рокот на привремениот увоз, најмалку еднаш неделно, се поврзува на увозниот систем и од паѓачкото мени, ја избира опцијата пребарај усна декларација.

19. Потоа во критериумите на пребарување се внесува периодот за кој се следи рокот, вид на постапка (53) и со кликање на пребарај системот ги листа сите прифатени усни декларации во конкретната испостава (слика 10).



Слика 10

20. На ниво на увозен систем од листата на апликации се избира апликацијата Извештаи, од кој се избира извештајот - листа на царински декларации. Во пребарувачките услови се задава определен период на пребарување и се избира тип на декларација „усна", како и барана царинска постапка, во случајот 53 и се добива преглед на сите усни декларации од сите царински испостави. При тоа корисникот ја одбира формата (pdf, excel) во која ќе го добие извештајот.

21. За пресметување на рокот се зема датумот на прифаќање на усната декларација.

## VI. Завршни одредби

22. Ова корисничко упатство го применуваат царинските службеници од царинските испостави.

23. Помошник директорот на Секторот за царински систем и управниците на царинарниците се надлежни за предлагање на измени и дополнување на ова упатство.

24. Контрола на спроведувањето на одредбите на ова корисничко упатство може да вршат Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на своите надлежности.

25. Сите непосредни раководители се должни со ова упатство да ги запознаат вработените во организационата единица со која раководат.

26. Ова корисничко упатство се објавува на интранет страната на Царинската управа, во важечки упатства во ЕДМС и во Депозитарот на документација на Царинската управа согласно Процедурата за депозитар на документација.

27. Со донесување на ова Корисничко упатство, престанува да важи 01.30.00.КУ.005.01 Корисничкото упатство за пополнување на усна декларација за привремен увоз и повторен извоз на транспортни средства број 01-034678/22-0001 од 26.07.2022 година.

28. Ова Корисничко упатство стапува на сила со денот на донесување, а ќе се применува од 16.10.2023 година.

Директор
в.д. Стефан Богоев

Бр. 01-034678/22-0002
Скопје, 18-10-2023 година

Записи:
- Прилог 1 - Принт формат на усна декларација за привремен увоз на транспортно средство

Изработил: Билјана Гаџовска

Одобрил: Гордана Динеска

| | |
|---|---|
| Корисничкото упатство го подготви: | Сектор за царински систем |
| Приматели: | Директор,<br>Заменик директор,<br>Советници на директорот,<br>Помошници директори на сектори,<br>Началници на независни одделенија<br>Управници на царинарници |
| Примерок доставен за: | Интерна/екстерна употреба |
| Оригиналот се чува во: | Сектор за царински систем<br>Архива |

## УСНА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА МРН: XXX/ датум/ ЦИ

### 1 - ПОДАТОЦИ ЗА ДЕКЛАРАНТОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Име | |
| 2 | Презиме | |
| 3 | Адреса | |
| 4 | Град | |
| 5 | Држава | |
| 6 | ЕМБГ | |
| 7 | МК адреса | |
| 8 | МК идентификација | |

### 2 - Технички податоци за транспортното средство

| | | |
|---|---|---|
| 1 | VIN ознака на возилото (број на шасија)/ Марка/ Модел/ Тип/ Година на производство/ Регистарски ознаки | |
| 2 | Број на сообраќајна дозвола | |

### 3. Рок – пополнува надлежен царински орган на влез

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Одобрен рок до | |

1. Со оваа усна царинска декларација одобрен Ви е привремен увоз на транспортно средство со целосно ослободување од плаќање на увозни давачки.
2. Одобрениот рок на привремениот увоз е наведен во полето 3.1.
3. Пред истек на одобрениот рок, транспортното средство треба да го изнесете од царинското подрачје на Република Северна Македонија или да спроведете друга царинска постапка.
4. Примерокот од оваа усна декларација секогаш чувајте го во вашето транспортно средство.
5. При напуштање на територијата на Република Северна Македонија пред истекот на одобрениот рок, а во моментот на завршување на постапката на привремен увоз, оваа усна декларација задолжително предајте ја на царинскиот службеник.
6. За непочитување на обврските од одобрениот привремен увоз, царинскиот орган презема мерки за **наплата на увозни и други давачкии** и спроведува **прекршочна или кривична постапка со можност за одземање на транспортното средство или наплата на противвредност за возилото доколку истото не е достапно.**

потпис на декларантот

печат

потпис и факсимил
на царинскиот службеник